МИЈАМОТО МУСАШИ

КНИГА ЗА ПЕТТЕ ПРСТЕНИ

Наслов на оригиналот:

A Book of Five Rings

Miyamoto Musashi

Превод од англиски: Вања Димитриевски

Лектура: Јасминка М. Јанева

Графичка подготовка: ИК Икона

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN 978-9989-168-97-0

МИЈАМОТО МУСАШИ

КНИГА ЗА ПЕТТЕ ПРСТЕНИ

ikona

Содржина

Вовед *(7)*
Книга за земјата *(11)*
Книга за водата *(37)*
Книга за огнот *(71)*
Книга за ветрот *(107)*
Книга за празнината *(131)*

ВОВЕД

Со години бев обучуван за Патот на стратегијата, наречен Ни Тен Ичи Рју (Ni Ten Ichi Ryu), и сега сметам дека ќе можам за првпат да го објаснам во писмена форма. Сега, во текот на првите десет дена од десетиот месец во дваесетата година на Канеи (Kanei) (1645). Се искачував на планината Ивато, на Хиго во Кјушу, за да се поклонам пред небото, да му се помолам на Кванон, и да клекнам пред Буда. Јас сум воин од провинцијата Харима, Шинмен Мусаши Но Ками Фуџивара Но Гешин (Shin-men Musashi No Kami Fujiwara No Geshin), на шеесетгодишна возраст.

Од младоста, моето срце тежнее кон Патот на стратегијата. Мојот прв двобој го доживееав кога имав тринаесет години, го соборив стратегот од училиштето Шинто, некојси Арима Кихеи. Кога имав шестнаесет години соборив еден способен стратег,

Тадашима Акијама. На двасет и една година заминав во главниот град и се запознав со сите обичаи на стратезите, никогаш не испуштајќи ја победата во многу различни услови.

Потоа, патував од провинција во провинција соочувајќи, се со стратези од најразлични училишта, и ниту еднаш не ја испуштив победата иако поминав повеќе од шеесет двобои. Ова се случуваше кога бев на возраст помеѓу тринаесет и дваесет и осум или дваесет и девет години.

Кога наполнив триесет години, погледнав наназад кон минатото. Претходните победи не одговараа на нивото на кое ја имав усовршено својата стратегија. Тоа веројатно беше природна способност, или небесен поредок, или стратегиите на другите училишта беа инфериорни. Така, почнав денонокно да трагам по принципот, и кога имав педесет години го сфатив принципот на Патот на стратегијата.

Оттогаш почнав да живеам без да следам некој одреден Пат. Така, верен на стратегијата применував многу вештини

и способности – сè без помош од учител. За да ја напишам оваа книга не го следев законот на Буда или учењето на Конфучие, ни белешки од војните од минатото ниту книги за боречки тактики. Го зедов перото за да го опишам вистинскиот дух на училиштето Ичи како што се огледува во Патот на небото и во Кванон. Сега е вечерта од десетиот ден од десетиот месец, во часот на тигарот (3–5 часот наутро).

Книга за земјата

Стратегијата е занаетот на воинот. Заповедниците мораат да донесат прописи за занаетот, а војниците мораат да го познаваат Патот. Не постои воин во денешно време, кој навистина го разбира Патот на стратегијата.

Постојат различни Патишта. Постои Пат на спасението според законот на Буда, Патот на Конфучие управува со Патот на учењето, Пат на лекувањето како лекар, како што поетот подучува за Патот на Вака, чај, стрелаштво, и многу други умешности и вештини. Секој човек го практикува она кон кое тежнее.

Речено е дека воинот е двоен Пат, на Перото и на Мечот, и дека тој треба да има чувство за двата Патишта. Дури и кога некој нема природна дарба може да биде воин, со тоа што цврсто ќе се припие до двата дела од Патот. Општо земено, Патот на воинот е бескомпромисно прифаќање

на смртта. Иако не само воините туку и свештениците, жените, селаните и обичните луѓе се подготвени да умрат за повисока цел или без срам, тоа не е исто. Воинот се разликува затоа тоа што изучувањето на Патот на стратегијата е засновано на надминување на човекот. Со победата стекната при вкрстувањето на мечовите со други поединци, или уживањето во битката со многумина, ние можеме да стекнеме моќ и слава за себе или за нашиот господар. Ова е предноста на стратегијата.

Патот на стратегијата

Во Кина и Јапонија, практикантите на Патот се познати како „Мајстори на стратегијата“. Воините мора да го изучат овој Пат. Во поново време се појавуваат луѓе кои пред светот се претставуваат како стратези, но тие обично се само мечувалци. Служителите во светилиштето на Кашима Кантори во провинцијата Хитачи добиле упатство од боговите, и врз него го

засновале ова учење, патувајќи од земја до земја, за да ги подучуваат мажите. Ова е најновото значење на стратегијата.

Во дамнешни времиња, стратегијата била вбројувана меѓу Десетте вештини и Седумте умешности како благотворна практика. Тоа секако била умешност, но како благотворна практика не била ограничена само на мечување. Вистинската вредност на мечувањето не била видлива во ограничениот простор на мечувалската техника.

Ако го погледнеме мечот, забележуваме умешност за продавање. Мажите ја користат опремата за да се продаваат себеси. Како што се оревот и цветот, оревот стана помалку од цветот. Во ваквиот Пат на стратегијата, и оние кои подучуваат и оние кои го изучуваат патот, се занесени со украсување и покажување на нивната техника, настојувајќи да го забрзаат процветувањето на цветот. Тие зборуваат за „ова Доџо“ и „она Доџо“. Тежнеат кон профит. Некој рекол „Незрелата стратегија е причина за болка“. Тоа е вистинита изрека.